ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА
УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ДЕРМАТОЛОГИЈА
INSTITUCIONI PUBLIK SHËNDETËSOR
KLINIKA UNIVERSITARE PËR DERMATOLOGJI
Бр.-Nr. 03-321/1
09.09. 2022 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

Врз основа на член 156, 157, 158 и 162 од Законот за здравствена заштита (,,Службен весник на РСМ" Бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19, 101/19, 153/19, 180/19 и 275/19, 77/21, 122/21, 178/21), Правилникот за систематизација на работи места на ЈЗУ УК за дерматологија-Скопје и чл.30 и 31 од Статутот, ЈЗУ УК за дерматологија објавува

ИНТЕРЕН ОГЛАС

**за унапредување на здравствен работник**

1. Поради потребите во работењето, ЈЗУ УК за дерматологија-Скопје распишува Интерен оглас за унапредување на здравствени работници на следното работно место:

- Одговорна медицинска сестра на Детски оддел со шифра на работно место ЗДР 03 01 Б02 001

1.1 Кандидатите за предвиденото работно место треба да ги исполнуваат општите услови за засновање на работен однос согласно со Законот за работни односи:

- да е државјанин на РМ
- да е полнолетен
- да има општа здравствена способност
- да не му е изречена правосилна забрана за вршење на професија, дејност или должност

1.2 Освен општите услови, кандидатите за предвиденото работно место треба да ги исполнуваат и посебните услови кои се бараат за наведеното работно место:

- Завршено високо образование за дипломирана медицинска сестра - Медицински науки и здравство - Висока медицинска школа, стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен
- Положен стручен испит
- Сертификат за работа со компјутерски програми за канцелариско работење
- Доказ (сертификат, потврда) за познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија ( англиски, француски, германски)

1.3 За работното место неделното работно време е од понеделник до недела, организирано во смени. Полното работно време на работникот изнесува 40 (четириесет) часа неделно, а во текот на работниот ден ќе трае 8 (осум) часа и тоа со почеток од 07:15 до 15:15 часот.

1. 4 Основната нето плата за работното место изнесува 32.646,00 денари

2. Во прилог на пријавата, а како доказ за исполнување на условите кандидатите треба да ги достават следните документи во оригинал или копија заверена на нотар:

- Пријава со податоци за контакт;
- Кратка биографија CV;
- Уверение за државјанство во оригинал или копија заверена на нотар;
- Потврда за 2 години работно искуство на непосредно пониско работно место од огласеното;

- Уверение (диплома, потврда) за завршен факултет, во оригинал или копија заверена на нотар;
- Доказ за положен стручен испит;
- Документ (сертификат, потврда) за познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски) во оригинал или копија заверена на нотар;
- Копија од документ (сертификат, потврда) за активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

3. Работоводниот орган на здравствената установа спроведува интервју и донесува одлука за избор на кандидат.

4. Рокот за пријавување на интерниот оглас е 5 (пет) дена од денот на објавувањето на огласот сметано од денот на неговото објавување на огласна табла и на web страната на Клиниката.

5. Кандидатите се должни пријавата да ја пополнат во целост, прецизно и со точни податоци, во спротивно нецелосната и неуредна документација нема да биде предмет на разгледување од страна на комисијата.

6. Документи по интерниот оглас се доставуваат по пошта на адреса на ЈЗУ УК за дерматологија- Скопје, Бул.Мајка Тереза бр.17 Скопје или во Архивата на Клиниката, секој работен ден од 7:30 до 14:00 часот.

ЈЗУ УК за дерматологија-Скопје

Директор

Проф.д-р Сузана Николовска